Република Северна Македонија
Министерство за финансии

-Сектор за управување со човечки ресурси-

Архивски број: 04-1222/7
Датум:

21-04-2026

Врз основа на член 49 став 1 и член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ“ број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на РСМ“ број 96/19, 110/19 и 121/24) и член 23 став 4 од Законот за работните односи („Службен весник на РМ“ број 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на РСМ“ број 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25), министерот за финансии донесе

# О Д Л У К А
## за избор на работник по пат на јавен оглас

1. По јавниот оглас број 5/2026 за вработување во Министерството за финансии, објавен во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ и на веб страната на Министерството за финансии, за работното место **Помлад соработник за аналитика и статистички податоци, Одделение за аналитика и статистика на надзорот, Сектор за инспекциски надзор, аналитика и статистика, во Државен девизен инспекторат - 1 извршител**, од предложената ранг листа се избира следниот кандидат:

- Антонио Николовски.

2. Избраниот кандидат од точката 1 на оваа одлука ќе заснова работен однос во Министерството за финансии, со потпишување на договор за вработување.

3. Пред склучување на договорот за вработување, избраниот кандидат е должен да достави доказ, односно документација за исполнување на условите за вршење на работата, во оригинал или копија заверена на нотар.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 08.04.2026 година во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ и на веб страната на Министерството за финансии, беше објавен оглас за вработување во Министерството за финансии, во кој како едно од работните места беше објавено и работното место **Помлад соработник за аналитика и статистички податоци, Одделение за аналитика и статистика на надзорот, Сектор за инспекциски надзор, аналитика и статистика, во Државен девизен инспекторат - 1 извршител.**


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 440
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria

-Сектор за управување со човечки ресурси-

Во врска со наведениот оглас и работното место, Комисијата за селекција, формирана со Решение бр. 04-1222/4 од 09.04.2026 година, по спроведената постапка за селекција која се состои од административна селекција и интервју, изготви ранг листа на кандидатите за горенаведеното работно место и истата ја достави до министерот за финансии.

Министерот за финансии, за горенаведеното работното место, изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

Избраниот кандидат од точката 1 на оваа одлука ќе заснова работен однос во Министерството за финансии со потпишување на договор за вработување.

ДОСТАВЕНО ДО:
- кандидатот;
- Архивата на Министерството.

Министер за финансии
м-р Гордана Димитриеска - Кочоска

Изработил: Argjira Jashari-Mersimi
Контролирал: Kimet Kurtishi
Лилијана Стојановска
Одобрил: Верица Стоилова
Проверил: Михајло Михајловски

Согласен: д-р Андриана Матлиоска


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 440
www.finance.gov.mk